Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 209/0306
04.05 20 21 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 28 април 2021 година, врз основа на примена жалба од Зекирија Хаџиу за интернет – порталот „Смартњуз.мк“, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## ПОСТАПКАТА СЕ ЗАТВОРА ПОРАДИ ПОМИРУВАЊЕ НА СТРАНИТЕ ВО СПОРОТ

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

**ЖАЛБА**

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 15 април 2021 година, новинарот Зекирија Хаџиу поднесе жалба за текстот со наслов „Administrata e gjyqësorit e revoltuar për shkak të mospërfshirjes në listën për vaksinim“ („Судската администрација се побуни поради тоа што не е вклучена во списокот за вакцинација“), објавен на 15 април 2021 година, на интернет - порталот „Смартњуз“ (www.smartnews.mk).

Во жалбата се наведува дека порталот „Смартњуз.мк“ презел текст објавен на порталот „Журнал“ без да побара дозвола и без да го цитира изворот на содржината.

**ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА НА КОМИСИЈАТА**

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, иницираше и успеа да издејствува помирување на страните во спорот, откако претходно стапи во контакт со интернет - порталот „Смартњуз“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Од „Смартњуз“ велат дека се свесни за направениот пропуст и дека на порталот „Журнал.мк“ му се извинуваат поради преземањето негова содржина без да се наведе изворот. Медиумот појаснува дека новинарите, без да знаат дека станува збор за сторија на „Журнал.мк“, ја презеле веста од други портали, кои исто така, ја пренеле истата содржина. Од „Смартњуз“ велат дека се подготвени да го коригираат преземениот текст и дека би сакале да учествуваат во процесот на медијација со „Журнал.мк“.

Во комуникацијата со Советот за етика, од „Журнал.мк“ информираа дека прифаќаат постапката да биде затворена по пат на помирување и оти се надеваат дека сличен пропуст нема да се повтори во иднина.

*„Ако колегите не се во можност сами да информираат за дневните настани, тоа не е причина да се земаат вести од други медиуми без извор“,* потенцираат од „Журнал.мк“.

Комисијата за жалби се согласи дека позитивно решениот процес на медијација треба да служи како пример за решавање на слични случаи и во иднина. Во таа насока, Комисијата ги охрабрува и жалителите и медиумите да покажат повеќе конструктивност и толерантност во идните спорови.

Во исто време, Комисијата ја цени и, во оваа прилика, ја поздравува и подготвеноста на медиумите да ги препознаат, признаат и коригираат пропустите во содржината.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595